ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-3725/7
28-06 23 год

Врз основа на член 50 од „ Законот за локална самоуправа“ ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ( „Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19) и Записникот од Комисијата за спроведување на Јавен повик За прибирање предлог проекти/активности од Здруженија на граѓани и Фондации од Општина Струмица од областа на Еднакви можности на жени и мажи во рамките на нивните годишни програми за 2023 година бр. 09-3725/9 од 09.06.2023, по објавениот Јавен повик бр. 09-3725/1 од 08.05.2023, Градоначалникот донесе

**Решение**
**за распределба на финансиски средства од Програма Еднакви можности**
**од Буџетот на Општина Струмица за 2023**

Член 1

Финансиските средства од Програма од Буџетот на Општина Струмица за 2023, по објавениот Јавен повик За прибирање предлог проекти/активности од Здруженија на граѓани и Фондации од Општина Струмица од областа на Еднакви можности на жени и мажи во рамките на нивните годишни програми за 2023 година бр. 09-3725/1 од 08.05.2023 и Записникот од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 09-3725/9 од 09.06.2023 се распределуваат на следниве здруженија/фондации:

1. Здружение на граѓани „За еднакви права“Струмица............................................**201.951,00 денари**
2. Здружение на граѓани „Скај плус“Струмица ..................................................... **185.250,00денари**
3. Женски фудбалски клуб„Тиверија“Струмица...................................................... **182.250.00денари**

Вкупно Програма Еднакви можности на жени и мажи …............................ **569.451,00 денари**

Член 2

Распределбата на финансиските средства е согласно добиените бодови по Записникот бр.09-372/9 од 09.06.2023 од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 09-3725/1 од 08.05.2023 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА СТРУМИЦА**
**Костадин Костадинов**